СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
Општина Гази Баба

11 ноември 2026 | Излегува по потреба | Година XXI | број 14



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ
Одделение за градежна инспекција и
Инспекциски надзор на вршењето на
работите од другите надлежности на општината

Секторот за инспекциски работи преку општински просветен инспектор на Општина Гази Баба, врз основа на Член 84 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на РМ бр.124/15), врши достава на акти преку

ЈАВНА ОБЈАВА

На Записник и Прекршочен платен налог со број ИП1 бр-34-231 од 05.06.2026

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55, факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ

Одделение за градежна инспекција и

Инспекциски надзор над вршењето на

работите од другите надлежности на општината

ИП1 бр.34-231 од 05.06.2026г.

Записник за извршен вонреден инспекциски надзор

Инспекцискиот надзор е отпочнат на ден 05.06.2026год.со почеток во 08:00 часот.

На ден 05.06.2026год.од страна на Одделение за градежна инспекција и инспекциски надзор над вршењето на работите од другите надлежности на општината, преку општинскиот просветен инспектор Александра Спасеска, број на службена значка и легитимација Б771070002 изврши инспекциски надзор над субјектите на надзор Саманта Амет со адреса на живеење ул.„Перо Наков бр.2,Општина Гази Баба, Скопје.

Назив на субјектот на надзор	Саманта Амет
Седиште/адреса на субјектот	ул. Перо Наков бр.2, Општина Гази Баба, Скопје.
Матиченброј на субјектот	0804990458369
Даноченброј на субјектот	/
Телефон	/

Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:Закон за просветна инспекција член 29 став 1 и 2 („Службен весник на РМ“ бр. 52/2005,...64/2018 и 3/25 и 74/25),по добиено известување од ООУ„Стив Наумов“-Скопје со арх.бр. 34-1025/1 од 11.02.2026г., врз основа на член 64 став 1 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25,74/25 и 250/25 и 111/26) и врз основа на член 8 став 2 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25,74/25 и 250/25),а во врска со неоправдано отсуство од училиште и неоправдани изостаноци на ученикот Брендон Амет од V-г одделение.

При инспекцискиот надзор се употребени листи за проверка:НЕ

Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор пред почетокот на надзорот,пред претставникот на субјектот на надзор се легитимираше со службена легитимација и значка со бр.Б771070002.

При инспекцискиот надзор е утврдена следната фактичка состојба (наод на фактичка состојба):
-Врз основа на добиеното известување од ООУ„Стив Наумов“-Скопје заведено со арх.бр. 34-1025/1 од 11.02.2026г.,просветниот инспектор при Општина Гази Баба е информиран дека родителот Саманта Амет со адреса на живеење на ул.„Перо Наков“ бр.2,Скопје, ЕМБС-0804990458369, не му овозможил на

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

своето дете Брендон Амет, да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание во ООУ„Стив Наумов"-Скопје, иако согласно член 8 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25,74/25, 250/25 и 111/26) подлежи на задолжително основно образование.

-Од страна на општинскиот просветен инспектор Александра Спасеска до родителот Саманта Амет доставени се: Покана за странка со арх.бр. ИП1бр. 34-87 од 13.03.2026 год. и Покана за странка со арх.бр. ИП1бр. 34-87 од 30.03.2026 год. до лицето Саманта Амет, родител на детето Брендон Амет за составување записник поради постапување спротивно на член 8 став 2 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25,74/25 и 250/25) во службените простории на Сектор Инспекторат при Општина Гази Баба.

Лицето Саманта Амет, родител на ученикот Брендон Амет, не се одзва на Поканата за странка заведена со арх.бр. ИП1бр. 34-87 од 13.03.2026 год. и на Поканата за странка со арх.бр. ИП1бр. 34-87 од 30.03.2026 год. Поканата за странка со арх.бр. ИП1бр. 34-87 од 30.03.2026 беше објавена и во „Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4 од 09.04.2026год.заведена со арх.бр. ИП1бр. 34-87 од 09.04.2026 год.

-Заради горенаведеното Општинскиот просветен инспектор по претходно Барање на податоци заведено со арх.бр. 34-2499//2 од 20.04.2026 год. до МВР на РСМ, прибави дополнителни лични податоци за отпочнување инспекциската постапка без негово присуство.Имено, општинскиот просветен инспектор ќе му достави записник за спроведување постапка за порамнување и прекршочен платен налог на родителот согласно член 47 од Законот за прекршоците („Сл. Весник на РСМ" бр. 96/19,25/23) заради сторен прекршок согласно член 8 став 2 и од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25,74/25, 250/25 и 111/26), а казнив по член 168 став 4 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25,74/25, 250/25 и 111/2026).

При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности:
-родителот Саманта Амет со место на живеење на ул.„Перо Наков" бр.2, Скопје, не му овозможил на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание во ООУ„Стив Наумов"-Скопје согласно член 8 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25,74/25, 250/25 и 111/26),кој гласи: *Родителот,односно старателот на ученикот е должен да му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжителноосновнообразованиеи воспитание".*

Заради отстварување на неправилностите ќе се изречат следните мерки:
-Ќе се издаде Прекршочен платен налог за родителот Саманта Амет со место на живеење на ул.„Перо Наков" бр.2, Скопје.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел. +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

По завршувањето на инспекцискиот надзор записникот беше презентиран пред претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор: ДА
Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор ги даде следните забелешки во однос на наводите од записникот:
/
(датум, име, презиме, функција и потпис на претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор)

Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор одбива да го потпише записникот заради следните причини:
/
Инспекцискиот надзор е завршен на ден 05.06.2026год.во 11:30 часот.
Прилози кон записникот:

Александра Спасеска
Општински просветен инспектор
Службена значка и легитимација
Бр.Б771070002

Општина Гази Баба-Скопје
Сектор за инспекциски работи-Инспекторат
Ул.„Архимедова„ бр.2, 1000 Скопје
Број ИПЛ ф. 34-231
Датум 05.06.2026 год. во 11:30 часот

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за просветната инспекција, член 168 став 4 од Законот за основното образование инспектор издава

ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ
(за физичко лице)

Име и презиме Самантха Ајмеи
Единствен матичен број на физичкото лице 0804990458369
Адреса ул. „Перо Наков" бр.2, Гази Баба, Скопје
Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа М1412929
Опис на прекршокот Неоправдано отсуство од наставните и воннаставни активности на ученикот Брендон Ајмеи од VI одд.
Место и време на сторување на прекршокот ООУ „Перо Наков" Скопје, Сектор за инспекциски работи, Општина Гази Баба
Правна квалификација на прекршокот член 168 став 4 од Законот за основното образование
Записник за сторен прекршок ИПЛ ф. 34-231 од 05.06.2026 год.
Да плати глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност на образец ПП 50 на трезорска сметка **1000000000630-95**,со уплатна сметка **840-177-05220**, приходна шифра **–718134** и програма **00,** со цел на дознака-уплата на глоба.

ПРАВНА ПОУКА: Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ до инспекторот кој го издал прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот Суд односно Комисијата за одлучување по прекршоци во _____.

Сторител на прекршок

_____
име,презиме и своерачен потпис

М.П.

Општински инспектор

Александра Стасеска
име, презиме и своерачен потпис

СЕ ПРЕДУПРЕДУВА лицето Саманта Амет од Скопје, со адреса на ул.„Перо Наков” бр.2 дека ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава и дека негативните последици кои можат да настанат ќе ги сноси самата странка.

Датум
10.11.2026год.

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Општински просветен инспектор,
Александра Спасеска

Врз основа на член 50 став (1) точка 16, а во врска со член 82 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 9 став (3) од Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/18 и 11/18), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

О Д Л У К А

ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Член 1

Со оваа одлука се распишуваат избори за членови на советите на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба.

Член 2

Изборите за членовите на советите на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, ќе се одржат со тајно гласање на **12 и 13 декември 2026 година** во период од 17 - 20 часот.

Член 3

Предлозите за кандидати за членови на советите на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, ќе се примаат на 5 и 6 декември 2026 година, во период од 10 - 14 часот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број 08-7107/1
од 11 ноември 2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.

СОДРЖИНА

ЈАВНА ОБЈАВА од сектор за инспекциски работи 1

ОДЛУКА за распишување на избори за членови на советите на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба 6

"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/26

Издавач Општина Гази Баба | Уредува сектор за правни и општи работи
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

